# З А П И С Н И К

од петнаесетиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации

Петнаесетиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, свикан од Претседателот на Комисијата се одржа на 26.10.2021 во 14:00 часот, по електронски пат.

Присутни: Стевица Јосифовски, Ервин Реџепагиќ, Тања Ковачев, Насер Адеми и Александар Давчевски.

Согласно деловникот за работа на Комисијата, Директорот ги испрати пристигнатите материјали до сите членови на Комисијата, како и Предлог дневниот ред.

Дневниот ред имаше 5 точки и тоа:

1. Усвојување на дневниот ред за петнаесетиот состанок на Комисијата на АЕК;
2. Усвојување на записникот од четиринаесетиот состанок на Комисијата на Агенцијата од 2021 година;
3. Барање согласност за јавна набавка на стока Интегрирана Мрежна инфраструктура и видео конференциски и комуникациски систем;
4. Барање согласност за јавна набавка на услуга Систем за управување со компјутерски инциденти и сајбер безбедносни настани и информации;
5. Разно.

Откако Претседателот на Комисијата имаше воведно излагање по однос на предложениот Дневен ред, сите членови на Комисијата го усвоија истиот.

Потоа беше разгледан Записникот од четиринаесетиот состанок на Комисијата, па откако се констатира дека истиот е веќе усвоен од страна на членовите на комисијата, се премина на третата точка од дневниот ред.

Во врска со точка број три и број четири- откако почнаа да ги разгледуваат барањата а како станува збор за не така едноставни набавки беше побарано за одложување на точките како би се разгледале барањата по детално и се побара присуство на наредниот состанок од надлежните раководители за да може да се елаборираат детално предметите.

По ова седницата се прекина, а за терминот за нејзино продолжување членовите на Комисијата дополнително ќе се договорат.

Седницата заврши во 15:00 часот.

Стевица Јосифовски, претседател_______________
Ервин Реџепагиќ, член ________________________
Тања Ковачев, член ___________________________
Насер Адеми, член ____________________________
Александар Давчевски, член_____________________